ЈУ ЗАВОД ЗА СОЦИЈАЛНИ ДЕЈНОСТИ –СКОПЈЕ

# ИЗВЕШТАЈ

За состојба во центрите за социјална работа на проблематика брак и семејство во 2020 година

Скопје, декември 2021 година

СОДРЖИНА

1. ВОВЕД ........ 3

2. СОСТОЈБА НА РЕАЛИЗИРАНИ СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ И ПОСТАПКИ ВО ЦСР НА ПРОБЛЕМАТИКА БРАК И СЕМЕЈСТВО ........ 4

2.1. Услуги на советување ........ 4

2.2. Советувалишта во центри за социјална работа ........ 5

3. ПОСТАПКИ ВО ЦСР НА ПРОБЛЕМАТИКАТА БРАК И СЕМЕЈСТВО ........ 6

3.1. Мировна постапка и доверување на дете ........ 7

3.2. Доверување на дете родео во вонбрачна заедница ........ 8

3.3. Лични односи и непосредни контакти на дете со родител/блиски сродници со кој не живее ........ 8

3.4. Надзор над вршење на родителското право ........ 9

3.5. Одземање на родителското право ........ 10

4. ДРУГИ ПОСТАПКИ ВО ЦСР ОД ПРОБЛЕМАТИКАТА БРАК И СЕМЕЈСТВО ........ 11

4.1. Согласност за издавање на патна исправа на дете ........ 12

4.2. Согласност за патување на дете во странство ........ 12

4.3. Постапување по Хашка конвенција за меѓуародно грабнување на дете и за плаќање на издршка ........ 13

5. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА ........ 14

5.1. Услуги на советување ........ 14

5.2. Постапки во ЦСР во проблематика брак и семејство ........ 14

5.3. Други услуги и постапки во ЦСР ........ 15

5.4. Препораки ........ 15

6. ПРИЛОГ ........ 17

# 1. ВОВЕД

Националната правна рамка за заштита на семејството, децата и поединци кои се соочуваат со социјални–проблеми и ризици е определена со Закон за семејството и Закон за социјалната заштита. Центарот за социјална работа обезбедува социјални услуги за проблематиката на брак и семејство и покрај примената на националната правна рамка има обврска да ги почитува сите ратификувани меѓународни декларации и конвенции[i] кои се однесуваат на човековите права, правата на детето и на заштита од сите форми на дискриминација, од семејно и родово базирано насилство.

Во Законот за семејството се регулирани постапките за склучување, поништување и престанок на бракот, регулирање на односи родители-деца, посвојување, старателство, заштита на деца вклучително кога се жртви на занемарување и злоупотреба, семејни имотни права, одредени судски постапки и тн. Со Законот за социјалната заштита, се опфатени определени парични права и социјални услуги за кои центарот за социјална работ има надлежност за постапување, како и за други овластени даватели на социјални услуги.

Предмет на извештајот е согледување на состојбата во проблематиката брак и семејство и категоријата корисници во ЦСР преку анализа на дадените услуги, преземените активности и спроведените постапки.

Како извор на податоци и информации се користени годишните извештаи на триесет центри за социјална работа во Република Северна Македонија. Во нив, меѓу другото се содржани информации и податоци за спроведени постапки по барања на корисници или институции и постигнати резултати во извештајниот период во однос на планираните цели дефинирани во годишната програма за работа на ЦСР. Податоците се унифицирани заради следење и споредување на резултатите во краткорочен период.

## 2. СОСТОЈБА НА РЕАЛИЗИРАНИ СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ И ПОСТАПКИ ВО ЦСР ЗА ПРОБЛЕМАТИКА БРАК И СЕМЕЈСТВО

Основни услуги кои се во надлежност на ЦСР и се опфатени во извештајот се однесуваат на советување и на стручна помош при спроведување на одредени постапки во проблематиката на брак и семејство и други постапки кои се однесуваат на обезбедување и заштита на одредени права на детето.

### 2.1. Услуги на советување

Социјалната услуга на советување ја пружаат стручните работници во центарот за социјална работа преку примена на различни методи и техники на стручна работа и е заснована на принцип на доброволност и соработка со корисниците. По проценка на состојбата и степенот на ризик, стручните работници работат на мотивација на корисниците за вклучување во советувалишна работа во рамките на ЦСР и/или во други ресурси кои нудат услуги од областа на бракот и семејството заради надминување на неповолна партнерска, брачна и семејна состојба.

**Т1 Преглед на социјални услуги на советување на проблематика брак и семејство реализирани во центри за социјална работа на РСМ во 2020 година**

| УСЛУГИ НА СОВЕТУВАЊЕ | **Број на реализирани услуги** |
|---|---|
| Подготовка за брак, живот во семејство, родителство, планирање на семејство, брачно/партнерско советување за партнери со нарушени односи | 736 |
| Советување при развод на брак | 1570 |
| Семејна медијација за семејства со нарушени семејни односи | 400 |
| ВКУПНО | 2704 |

Во текот на 2020 година евидентно од податоците од 30-те центри за социјална работа во РС Македонија, вкупно се реализирани 2704 услуги на советување од кои 1570 (58%) се дадени при спроведување на мировна постапка, односно–при развод на брак, потоа 734 (27%) се дадени при подготовка за брак, живот во семејство, родителство, планирање на семејство, брачно/партнерско советување за партнери со нарушени односи и 400 (15%) услуги се дадени како семејна медијација во семејства со нарушени семејни односи.

Најголем број на услуги на советување се реализирани во центрите за социјална работа во Битола (878), Свети Николе (262) и Скопје (206), додека во ЦСР во Делчево, Неготино и Охрид не се евидентирани услуги на советување.

Советувалишната работа во центарот за социјална работа со идни брачни партнери има информативно-едукативен карактер за подготовка за квалитетно брачно и семејно живеење, запознавање со структурата на семејството, организација на семејниот живот, предизвици при сепарација од примарното семејство и период на адаптација, начин на комуникација и подготовка за одговорна родителска улога.

Податоците од извештаите на ЦСР укажуваат дека има намалување на малолетничките бракови, односно на лица кои со наполнети шеснаесет години сакаат да склучат брак, а кои согласно законската регулатива се должни да го поминат советувањето во ЦСР - во 2019 година, оваа услуга била дадена на 92 малолетни лица, а во 2020 година на 71 малолетно лице.

## 2.2. Советувалишта во центрите за социјална работа

Од информациите добиени од ЦСР може да се констатира дека услугите на советување во советувалиштата кои функционираат во рамките на ЦСР ги даваат истите стручни работници кои се вклучени и во стручната работа со корисниците во постапките во ЦСР.

Најчести корисници на услугите во Советувалиштето при ЦСР се :

- корисници од семејства со нарушени партнерски, брачни и семејни односи
- партнери кои се во постапка на развод брак и по развод на брак
- лица со конфликтни односи, на релација родител –дете
- лица кои имаат потреба од советувалишна работа пред да склучат брак и
- другi лица кои по проценка на тимот или самоиницијативно користат услуги на советувалиште

**Т2 Преглед на корисници кои користеле услуги-во центрите за социјална работа во РСМ во 2020 година**

| **Број на корисници од постапките брак и семејство упатени во советувалиште во ЦСР** | |
|---|---|
| ВКУПНО | 348 |

Бројот на корисници на советувалишна услуга е променлив, зависно од проценка на степен на ризик, од потребата од психо-социјална поддршка и советувалишен третман како и од согласноста и мотвираноста на партнерите. Во текот на 2020 година 348 корисници биле упатени и користеле советувалишен третман во советувалиштата во рамки на ЦСР.

## 3. ПОСТАПКИ ВО ЦСР ЗА ПРОБЛЕМАТИКАТА БРАК И СЕМЕЈСТВО

Во најширока смисла постапките од проблематиката на брак и семејство кои се спроведуваат во центарот за социјална работа, а кои произлегуваат од Законот за семејството се:

- **2.1. Мировна постапка и доверување на дете** – постапката за мирење на брачните партнери се спроведува во центарот за социјална работа по судско барање во рок од три месеци. До судот се испраќа извештај од спроведена мировна постапка и кога имаат заедничко дете или деца се доставува и предлог со мислење за доверување.
- **2.2. Доверување на дете од вонбрачна заедница** – за вонбрачната заедница се смета заедница на маж и жена која траела најмалку една година и е изедначена со брачната заедница. Доверувањето на детето од вонбрачната заедница е во надлежност на центарот за социјална работа кога родителите не живеат заедно и не се спогодиле кај кого од нив детето ќе продолжи да живее.
- **2.3. Одржување на лични односи и непосредни контакти на дете со родител/блиски сродници со кои не живее** – уредување на лични односи и непосредни контакти на дете-со родител или блиски сродници (во определени околности) со кои не живее е во надлежност на центарот за социјална работа. Доколку родителите не постигнат договор или спогодба во период од два месеци, центарот по спроведена постапка носи решение со кое определува начин и динамика на одржување на лични односи и непосредни контакти на детето со родителот/блиски сродници со кои не живее.
- **2.4. Надзор над вршењето на родителското право** - центарот за социјална работа е надлежен да го следи начинот на вршење на родителското право и да презема мерки на заштита кога има сознанија дека е потребна заштита на личноста, правата и интересите на детето поради занемарување на родителската одговорност и/или злоупотреба на родителското право.
- **2.5. Одземање на родителското право** - мерката за одземање и враќање на родителското право е во надлежност на судот и се покренува од страна на ЦСР или другиот родител –доколку има аргументи за злоупотреба и/или грубо занемарување на вршењето на родителското право кон едно или повеќе заеднички деца, од страна на еден или двата родители.

Во *Табела 3* се прикажани податоци кои произлегуваат од годишните извештаи на 30$^{те}$ центри за социјална работа во Република северна Македонија компаративно 2019 и 2020 година.

**Т3. Преглед на број на предмети во ЦСР во 2019/20 година
на постапки на проблематика брак и семејство**

| ПОСТАПКИ | 2019 година | 2020 година | Разлика 2019/20 |
|---|---|---|---|
| Мировна постапка и доверување | 2239 | 2081 | 158 ↓ |
| Вонбрачно доверување | 257 | 232 | 25 ↓ |
| Уредување на лични односи и непосредни контакти со родител/близок сродник | 1366 | 1421 | 55 ↑ |
| Надзор над вршење на родителското право | 87 | 98 | 11 ↑ |
| Одземање на родителското право | 15 | 18 | 3 ↑ |
| ВКУПНО | 4056 | 3921 | 135 ↓ |

**Г1 - Графички преглед на предмети во ЦСР во 2019/20 година
на постапки на проблематика брак и семејство**




Од табеларниот и графичкиот преглед е евидентно дека вкупниот број на предмети на проблематиката брак и семејство во центрите за социјална работа во 2020 година изнесува 3921 и е за 135 постапки помал споредбено со 2019 година. Гледано одделно по постапките, намалувањето е изразено во две постапки - во мировна постапка и доверување на дете и во постапката за доверување на дете родено во вонбрачна заедница, додека во другите постапки во 2020 година се забележува пораст.

## 3.1. Мировна постапка и доверување на дете

Со Законот за семејството е определено по судско барање центарот за социјална работа да спроведе постапка за мирење на брачните партнери кога едниот до суд поднел тужба за развод на брак, или двајцата тужба за спогодбен развод. Во случаи на заеднички деца, се работи на усогласување на родителите за доверување на детето/децата на еден од родителите.

Кога мировната постапка е несупешна, согласно надлежноста центарот за социјална работа е должен да ги заштити правата и интересите на детето преку проценка на капацитетите и подобноста на родителите за доверување на детето на чување и воспитување, како и проценка на потребите и интересите на детето. Врз основа на сознанијата од проценката и нивната анализа, се изготвува наод и мислење на поединечен стручен работник и на стручен тим врз основ на кој се пишува извештај за исходот од постапката за мирење со предлог на мислење за доверување на детето и се доставува до надлежниот суд.

Врз основа на добиените податоци во текот на 2020 година се бележи намалување на бројот на спроведени мировни постапки и доверување на дете споредбено со 2019 година, односно во 2020 година се спровеле 158 постапки помалку. Ваквото намалување не ја отсликува состојбата во девет центри за социјална работа во кои е евидентно зголемување на бројот на мировните постапки, и тоа во: Берово (10→14), Битола (103→119), Виница (9→10), Куманово (125→153), Македонски Брод (4→5), Охрид (58→67), Радовиш (25→34), Ресен (9→11) и Струмица (76→95).

## 3.2. Доверување на дете родено во вонбрачна заедница

Според законот за семејството вонбрачната заедница, правата и обврските на вонбрачните партнери и родители се изедначени со правата и обврските во брачна заедница како и обврските на родителите спрема децата. Децата родени во вонбрачна заедница имаат еднакви права како и децата родени во брачна заедница. Центарот за социјална работа по спроведена постапка донесува решение за доверување на детето родено во вонбрачна заедница на родител, имајќи го предвид најдобриот интерес, а доколку тоа го барат изменети околности истото може да се промени.

Во текот на 2020 година постапки за доверување на дете родено во вонбрачна заедница се воделе во 17 центри за социјална работа и од податоците е евидентно дека има намалување за 25 предмети споредбено со 2019 година. Гледајќи одделно по центрите за социјална работа се забележува зголемување во одредени градови (Берово, Велес, Кавадарци), со значителен пораст во Куманово (11→32) и Неготино (0→9).

## 3.3. Лични односи и непосредни контакти на дете со родител/блиски сродници со кој не живее

Секое дете има право да одржува лични односи и непосредни контакти со родителот со кого не живее, а доколку родителите во рок од два месеци не се усогласат за начинот на одржување на тие контакти ЦСР може да донесе решение согласно од Законот за семејството, за одржување на лични контакти на детето со родителот или со блиски сродници во услови определени со законот.

Во текот на 2020 година вкупно во сите ЦСР во 1421 предмети е спроведена постапка за уредување на лични односи и непосредни контакти на дете со

родител/близок сродник со кои не живее. Споредбено со претходната 2019 година со 1366 предмети се забележува пораст. Имено, зголемување на бројот на барањата за регулирање на личните односи и непосредни контакти на дете со родител/блиски сродници со кои не живее во 2020 години, споредбено со 2019 година има во единаесет ЦСР, и тоа во: Струмица, Гевгелија, Кичево, Куманово, Берово, Валандово, Пробиштип, Македонски Брод и Крушево, а во што се истакнува Гевгелија (50→72), Свети Николе (31→53) и Скопје (422→571). Скопје како најголем град по бројот на општини и жители има и најголем број на предмети и истите во однос на 2019 година се во пораст за 35% односно, 149 барања повеќе се поднесени во 2020 година.

Иако вкупниот број на предмети со ове постапки е во пораст, споредбено со 2019 година во одредени ЦСР се бележи намалување на бројот на поднесени барања кои се однесуваат на уредување на односот родител-дете

Во пет центри за социјална работа (Велес, Виница, Демир Хисар, Струга и Тетово) бројот на поднесени барања е непроменет, додека во останатите центри се забележува намалување на предмети со постапки по барања за регулирање на видувања во однос на 2019 година.

Значително **намалување** на постапките за уредување на лични односи и непосредни контакти на дете со родителот/блиски сродници со кој не живее во однос на 2019 година е забележано во Дебар за 90% (22→2), Неготино за 57% (14→6), Прилеп за 55% (79→35), Штип за 54% (57→26), Крива Паланка за 51% (35→17) и Битола за 18 %. (109→89).

## 3.4. Надзор над вршење на родителското право

Заради заштитата на правата и интересите на детето/децата по добивање на сознанија за недостатоци во вршењето на родителското право на еден или двата родитела, а кое го загрозува правилниот раст и развој на детето и неговите права и интереси, во центарот за социјална работа по службена должност се покренува постапката за надзор над вршење на родителското право на родител/и.

Во текот на постапката за надзорот над вршење на родителското право се проценуваат и се утврдува начинот на кој го врши/ат родителското право и степенот на ризик врз емоционален, социјален и/или физички раст и развој на детето. Во овие постапки центарот може со решение да определи мерка надзор над вршење на родителско право на еден или двата родитела во однос на дете/деца, на родителите се укажува на недостатоците во вршење на родителскот право, се упатуваат во соодветна институција/здравствена установа, советувалиште, се информираат за значењето на мерката надзор и потребата од реализирање на задолженијата дадени со надзорот вклучително и за законски последици кои ги носи непочитување на определента мерка. Најчесто ваквата мерка се применува во бракоразводи и видувања како и за деца на улица.

Постапките за надзор над вршење на родителското право преку примена на конкретни мерки согласно законските надлежности во 2020 година се воделе во

шеснаесет центри за социјална работа. Од вкупно 98 предмети со спроведени постапки и примена на мерки на наздзор над вршење на родителското право; најмногу (36%) биле спроведени во ЈУ МЦСР на град Скопје, и тоа 37 мерки- што изнесува 24 повеќе во однос на 2019 година. Во другите центри нема значителни отстапувања во однос на 2019 година.

### 3.5. Одземање на родителското право

Мерката за одземање и враќање на родителското право е во надлежност на судот и се покренува од страна на ЦСР или другиот родител доколку има аргументи за злоупотреба, занемарување на вршењето на родителското право кон едно или повеќе заеднички деца.

Во 2020 година во вкупно 18 предмети вкупно се воделе постапки за одземање на родителското право, и тоа во десет центри за социјална работа: Битола (1), Гостивар (1), Кавадарци (3), Куманово (1), Охрид (2), Свети Николе (2), Скопје (4), Струмица (1), Струга (1) и Тетово (2). Споредбено со 2019 година се бележи зголемување за постапки и тоа во Кавадарци, каде во 2019 година немало постапки за одземање на родителско право, а во 2020 година се евидентирани вкупно три постапки.

## 4. ДРУГИ ПОСТАПКИ ВО ЦСР ОД ПРОБЛЕМАТИКАТА БРАК И СЕМЕЈСТВО

Во рамки на останатите услуги што ги обезбедува центарот за социјална работа согласно законската надлежност во ситуации кога не постои согласност меѓу родителите, може да се наведат постапки за согласност за издавање на самостојна патна исправа на дете, согласност за патување на дете во странство и постапувања по Хашка Конвенција.

Добиените податоци покажуваaат значително намалување на постапките во центрите за социјална работа во 2020 година, и тоа за 45 % се однесуваат на барања за согласност за издавање на самостојна патна исправа на дете и 62% на барања за согласност за патување на дете во странство. Во 2020 година има четири барања повеќе за постапување по Хашка конвенција за меѓународно грабнување на дете и за плаќање на издршка во однос на претходната 2019 година.

**Т.4 Компаративен преглед на реализирани други услуги во 2019/20 година на проблематиката брак и семејство во ЦСР на РСМ**

| ДРУГИ УСЛУГИ | 2019 година | 2020 година | разлика |
|---|---|---|---|
| Согласност за издавање на самостојна патна исправа на дете | 949 | 522 | 427 ↓ |
| Согласност за патување на дете во странство | 308 | 118 | 190 ↓ |
| Постапување по Хашка конвенција за меѓуародно грабнување на дете и за плаќање на издршка | 9 | 13 | 4 ↑ |
| **ВКУПНО** | **1266** | **653** | **613 ↓** |

Г3 – Графички компаративен преглед на реализирани други услуги во 2019/20 година на проблематиката брак и семејство во ЦСР на РСМ



## 4.1. Согласност за издавање на патна исправа на дете

Центарот за социјална работа спроведува постапка и дава мислење за издавање на самостојна патна исправа за дете по барање на МВР. Постапката се отпочнува во МВР кога родителот на кој детето му е доверено на чување и воспитување поднесува барање за издавање на патна исправа за детето. Кога нема согласност од другиот родител, МВР по службена должност се обраќа до ЦСР како орган за старателство да се произнесе со мислење дали е во интерес на детето да му се издаде самостојна патна исправа.

Во 2020 година споредбено со 2019 година има пад од 949 на 522 постапки, односно се спровеле 427 постапки помалку. **Намалувањето** за повеќе од 50 % на бројот на спроведените постапки во однос на 2019 година се бележи во седум центри за социјална работа, и тоа во Прилеп (за 71%), Струга (за 68%), Штип (за 63%), Кичево (за 62%), Струмица (за 58%), Скопје (за 52 %) и Битола (за 51%). Во четири центри за социјална работа (Валандово, Д.Хисар, Крушево и Ресен) во текот на 2020 година немало барање за согласност за издавање на самостојна патна исправа на дете.

## 4.2. Согласност за патување на дете во странство

Постапката за давање согласност за патување на дете во странство во центар за социјална работа се спроведува за дете кое е на возраст до 14 години, а кога патува без присуство на родител/старател. Оваа постапка се спроведува во ситуации кога нема согласност од родителите на детето (до навршени 14 години живот) да патува во странство или кога се враќа од странство без присуство на родител, односно во присуство на друго лице. Од добиентите податоци се констатира дека има значително намалување на поднесени барања споредбено со 2019 година.

Имено, во текот на 2020 година во 18 центри за социјална работа вкупно се спровеле 118 постапки за давање на согласност за патувања на деца во странство. Споредбено со 2019 година кога биле спроведени 308 постапки, во 2020 година се спровеле 190 постапки помалку, и тоа намалување е евидентно во ЦСР во: Битола (24→0), Гевгелија (13→5), Дебар (10→4), Кичево (13→2), Неготино (8→1), Пробиштип (13→6), Скопје (60→3), Струмица (38→1) и Штип (10→2). Исклучок е центарот за социјална работа во Тетово каде во 2020 година имало 8 постапки повеќе (22→30) во однос на 2019 година. Евидентно е дека во истите центри за социјална работа се постапувало во 2019 година и во 2020 година, додека во шест центри за социјална работа (Берово, Валандово, Демир Хисар, Македонски Брод, Радовиш и Ресен) во двете години немало барања за давање согласност за патување на дете вон државата.

## 4.3. Постапување по Хашка конвенција за меѓународно грабнување на дете и за плаќање на издршка

Постапката која во центарот за социјална работа се води по основ на Хашката конвенција за граѓанско-правните аспекти на меѓународното грабнување на деца се однесува на ситуации кога има незаконско задржување или одведување/грабнување на детето вон државата во која претходно живеело, односно имало живеалиште. Процесните дејствија како дел од постапката која се спроведува во центарот за социјална работа се во континуирана координација и насоки за постапување со централниот извршен орган –Министерство за труд и социјална политика..

Во 2020 година евидентирани се вкупно 13 постапки по Хашка Конвенција во седум центри за социјална работа, и тоа во Скопје (во 3 предмети), Крива Паланка, Охрид, Прилеп и Штип (во 2 предмети) и по еден предмет во Дебар и Тетово. Споредбено со 2019 година се констатира дека во 2020 година има зголемување за 4 постапки, при што во Дебар, Крива Планка и Тетово во 2019 година немало по овој основ.

# 5. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

## 5.1. Услуги на советување

Состојбата во 2020 година споредбено со состојбата во 2019 година по бројот на спроведени советувалишни услуги е следната:

- Постапување по барање за стручна помош во надминување на нарушени партнерски/брачни односи во 2020 година е намалено за 10,8%.
- Советување за припрема за брак на малолетни лице кое наполнило шеснаесет години и сака да склучи брак во 2020 година е намален за 23%.

Вкупниот број на дадени советувалишни услуги во 2020 година во однос со 2019 година е намален, меѓутоа може да се констатира дека во одредени центри за социјална работа има пораст на барањата на партнерите за стручна помош во разрешување на брачни конфликти и семејни проблеми. Од наративот во годишните извештаи на ЦСР се евидентира потреба и мотивација на корисниците за стручна помош во справување со предизвиците на изменети животни околности кои произлегоа поради Ковид пандемијата.

Ограниченото движење на населението имало ефект и врз намалувањето на малолетничките бракови. Од податоците добиени од извештаите најчести фактори кои имаат влијание на склучување на брак на малолетно лице се низок степен на образование на родителите, невработеност, сиромаштија, традиција, обичаи и култура на одредени етнички заедници. Од друга страна како причини и мотив се јавуваат и веќе оформена вонбрачна заедница на малолетното лице, бременост, родени деца, стекнување на брачен статус за остварување на одредени права од социјална заштита, очекувања на семејство и/или социјална средина.

## 5.2. Постапки во центри за социјална работа на проблематика брак и семејство

Состојбата во 2020 година споредбено со состојбата во 2019 година по бројот на предмети во кои се спроведени постапки и преземени мерки е следната:

- Постапување по судското барање за спроведување на мировна постапка и доверување на дете во 2020 година е намалено за 7%;
- Предмети со постапки за доверување на дете родено во вонбрачна заедница во 2020 година е намалено за 10%;
- Предмети со постапки за уредување на личните односи и непосредни контакти на дете со родител со кого не живее/близок сродник во 2020 година се зголемени за 4%;
- Примена на мерки на надзор над вршење на родителското право во 2020 година е зголемена за 12,6% ;
- Предмети со мерката за одземање на родителското право во 2020 година се зголемени за 20%.

Може да се претпостави дека на ваквата состојба влијаела изолацијата на граѓаните во услови на болест и зараза, општата состојба со мерките за ограничено движење што се одразило и на покренување на постапки пред надлежните институци.

Добиените сознанија укажуваат и на ситуации дека кај дел од семејствата е препознаена зајакната резилиентност и усогласување на начини за справување со состојбите и предизвиците во партнерското и семејното функционирање во новонастаната појава на зголемен степен на ризик по животот и здравјето и физичка изолираност и дистанца.

### 5.3. Други услуги и постапки во ЦСР

Состојбата во 2020 година споредбено со состојбата во 2019 година по бројот на предмети со други услуги е следната:

- Постапување по барање за согласност за издавање на патна исправа на дете во 2020 година е намалено за 45%;
- Постапување по барање за согласност за патување на дете вон РСМ во 2020 година е намалено за 61%;
- Постапување по Хашка конвенција за меѓуародно грабнување на дете и за плаќање на издршка во 2020 година е зголемено за 44%.

Околностите во 2020 година поврзани со епидемиолошката состојба во државата, во регионот и во светски размери заради корона вирусот, прогласената вонредна состојба во државата, мерките и препораките на Владата и ограничувањата на движењето на граѓаните влијаеле бројот на овие постапки споредбено со претходната 2019 година, значително да се намали. Може да се констатира дека голем удел за ваквата променета состојба се должи на вонредните околности и прогласена епидемија во светски размери, промени во функционирање на граѓаните и ограничувања на движењето меѓу државите.

### 5.4. Препораки

- Во услови на донесување на Владини мерки и преопораки на заштита на здравјето на населението, истите да се почитуваат и применуваат при обезбедување на услуги за кои центарот за социјална работа е надлежен.
- Унапредување на ефективноста во постапувањето преку примена на законите, стандардите и процедурите, во сите фази на стручно постапување со поединците и семејствата во социјални ризици од проблематика на брак и семејството.
- Активна партиципација на родителите и вклученост на децата во сите фази на вршење на стручната работа и водење на постапките во ЦСР
- Унапредување и поефикасна соработка со партнери од другите релевантни ресори.

- Користење на локалните ресурси и услуги на други овластени даватели на социјални услуги во превенција и во третман на социо-патолошките појави и ризици.
- Оптимално кадровско, техничко и просторно екипирање на центрите за социјална работа заради ефикасна и стручна заштита на правата и интересите на децата од дифункционални семејства, партнери во конфликт, родителите.
- Континирано надградување на знаењата и вештините на стручните лица (КПЕ) во центрите за социјална работа и примена на стекнатите знаења.
- Воведување на интерна супервизија во ЦСР.

**Изработи:**

**Служба за надзор над стручната работа и супервизија**

А.Б.Арсеновски, советник

Е.Раткова, советник

А.Павловска, советник

Б.Јарчевска, советник

## 6. Прилог

1. ПТ1 Преглед на социјални услуги на советување на проблематика брак и семејство реализирани во центри за социјална работа на РСМ во 2020 година
2. П Т2 Преглед на предмети во центрите за социјална работа во РСМ во кој се реализирани постапки на проблематика брак и семејство во 2020 година
3. ПТ3 Компаративен преглед на други услуги на проблематиката брак и семејство реализирани во центри за социјална работа во РСМ во 2019/20 година
4. ПТ4 Преглед на корисници на проблемаитика брак и семејство кои користеле услуги на советувалиште за брак и семејство во центри за социјална работа во РСМ во 2020 година.

1. ПТ1 Преглед на социјални услуги на советување на проблематика брак и семејство реализирани во центри за социјална работа во РСМ во 2020 година

| ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА | ВИД НА УСЛУГА НА СОВЕТУВАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Подготовка за брак, живот во семејство, родителство, планирање на семејство, брачно/партнерско советување за партнери со нарушени односи | Советување при развод на брак | Семејна медијација за семејства со нарушени семејни односи | Вкупно |
| **БЕРОВО** | 0 | 14 | 0 | 14 |
| **БИТОЛА** | 381 | 497 | 0 | 878 |
| **ВАЛАНДОВО** | 9 | 9 | 2 | 20 |
| **ВЕЛЕС** | 4 | 42 | 0 | 46 |
| **ВИНИЦА** | 11 | 10 | 4 | 25 |
| **ГЕВГЕЛИЈА** | 15 | 218 | 68 | 301 |
| **ГОСТИВАР** | 10 | 9 | 0 | 19 |
| **ДЕБАР** | 10 | 7 | 0 | 17 |
| **ДЕЛЧЕВО** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Д.ХИСАР** | 20 | 2 | 7 | 29 |
| **КАВАДАРЦИ** | 85 | 36 | 0 | 121 |
| **КИЧЕВО** | 1 | 46 | 8 | 55 |
| **КОЧАНИ** | 4 | 50 | 6 | 60 |
| **КРАТОВО** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **К.ПАЛАНКА** | 2 | 24 | 10 | 36 |
| **КРУШЕВО** | 1 | 5 | 7 | 13 |
| **КУМАНОВО** | 5 | 153 | 4 | 162 |
| **М.БРОД** | 5 | 7 | 4 | 16 |
| **НЕГОТИНО** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **ОХРИД** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **ПРИЛЕП** | 16 | 100 | 0 | 116 |
| **ПРОБИШТИП** | 15 | 6 | 1 | 22 |
| **РАДОВИШ** | 10 | 30 | 0 | 40 |
| **РЕСЕН** | 0 | 8 | 11 | 19 |
| **СВ.НИКОЛЕ** | 28 | 135 | 99 | 262 |
| **СКОПЈЕ** | 16 | 55 | 135 | 206 |
| **СТРУМИЦА** | 0 | 11 | 0 | 11 |
| **СТРУГА** | 64 | 71 | 14 | 149 |
| **ТЕТОВО** | 12 | 10 | 0 | 22 |
| **ШТИП** | 10 | 15 | 20 | 45 |
| **ВКУПНО** | **734** | **1570** | **400** | **2704** |

2. **П Т2 Компаративен** преглед на предмети во центрите за социјална работа во РСМ во кој се реализирани постапки на проблематика брак и семејство во 2019/2020 година

| ЦСР | Постапки при нарушени партнерски или | Мировна постапка | Вонбрачно доверување | Уредување на видувања со родител/сродник | Малолетнички брак | Надзор на вршење на родителско право | Одземање на родителско право | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2019/20 | 2019/20 | 2019/20 | 2019/20 | 2019/20 | 2019/20 | 2019/20 | 2019/20 |
| БЕРОВО | 5/0 | 10/14 ↑ | 3/0 | 1/3 | 0/0 | 0/2 | 0/0 | 19/19 = |
| БИТОЛА | 38/48 ↑ | 103/119 ↑ | 28/23 | 109/89 | 0/1 ↑ | 5/5 | 3/1 | 286/286 = |
| ВАЛАНДОВО | 0/9 ↑ | 12/4 | 0/0 | 0/4 ↑ | 0/0 | 0/0 | 0/0 | 12/17 ↑ |
| ВЕЛЕС | 2/0 | 92/66 | 12/19 ↑ | 85/85 | 4/4 | 2/2 | 0/0 | 197/176 ↓ |
| ВИНИЦА | 4/3 | 9/10 | 0/0 | 6/6 | 1/0 | 0/0 | 0/0 | 20/19 ↓ |
| ГЕВГЕЛИЈА | 9/6 | 33/29 | 5/0 | 50/72 ↑ | 2/0 | 0/0 | 0/0 | 99/107 ↑ |
| ГОСТИВАР | 69/49 | 100/80 | 3/3 | 50/45 | 4/3 | 0/0 | 0/1 ↑ | 226/181 ↓ |
| ДЕБАР | 4/2 | 17/17 | 2/0 | 22/2 | 11/10 | 0/0 | 0/0 | 56/31 ↓ |
| ДЕЛЧЕВО | 22/35 ↑ | 22/22 | 0/0 | 21/19 | 1/2 ↑ | 1/1 | 0/0 | 67/79 ↑ |
| Д.ХИСАР | 16/2 | 12/6 | 0/0 | 8/8 | 0/1 | 0/0 | 0/0 | 36/17 ↓ |
| КАВАДАРЦИ | 10/3 | 40/38 | ¾ ↑ | 93/90 | 3/1 | 4/6 ↑ | 0/3 ↑ | 153/145 ↓ |
| КИЧЕВО | 14/8 | 68/46 | 7/1 | 26/34 ↑ | 2/1 | 0/0 | 1/0 | 188/90 ↓ |
| КОЧАНИ | 3/5 | 55/48 | 3/2 | 20/15 | 4/5 ↑ | 10/10 | 0/0 | 95/85 ↓ |
| КРАТОВО | 5/0 | 5/6 ↑ | 0/0 | 4/1 | 1/0 | 0/0 | 0/0 | 15/7 ↓ |
| К.ПАЛАНКА | 8/10 ↑ | 30/24 | 5/0 | 35/17 | 5/2 | 4/0 | 0/0 | 87/53 ↓ |
| КРУШЕВО | 6/7 ↑ | 7/5 | 0/0 | 0/1 ↑ | 1/1 | 0/1 ↑ | 0/0 | 14/15 ↑ |
| КУМАНОВО | 35/0 | 125/153 ↑ | 11/32 ↑ | 46/51 ↑ | 0/3 ↑ | 9/9 | 2/1 | 228/249 ↑ |
| М.БРОД | 2/4 | 4/5 ↑ | 0/0 | 3/5 ↑ | 1/1 | 0/0 | 0/0 | 10/15 ↑ |
| НЕГОТИНО | 7/4 | 36/21 | 0/9 | 14/6 | 1/0 | 7/3 | 0/0 | 65/43 ↓ |
| ОХРИД | 3/0 | 58/67 ↑ | 3/3 | 25/22 | 0/0 | 5/5 | 1/2 ↑ | 95/99 ↑ |
| ПРИЛЕП | 12/6 | 120/84 | 24/18 | 79/35 | 11/7 | 2/0 | 2/0 | 229/150 ↓ |
| ПРОБИШТИП | 37/4 | 10/9 | 0/0 | 11/14 ↑ | 0/0 | 5/6 ↑ | 0/0 | 63/33 ↓ |
| РАДОВИШ | 9/0 | 25/34 ↑ | 3/2 | 16/10 | 3/3 | 3/3 | 0/0 | 59/52 ↓ |
| РЕСЕН | 12/12 | 9/11 ↑ | 3/1 | 4/3 | 0/0 | 0/0 | 0/0 | 28/27 ↓ |
| СВ.НИКОЛЕ | 11/29 ↑ | 29/18 | 0/0 | 31/53 ↑ | 3/0 | 6/5 | 2/2 | 82/107 ↑ |
| СКОПЈЕ | 7/14 ↑ | 850/820 | 92/76 | 422/571 ↑ | 15/16 ↑ | 13/37 ↑ | 3/4 ↑ | 1402/1538 ↑ |
| СТРУМИЦА | 15/55 ↑ | 76/95 ↑ | 10/5 | 109/115 ↑ | 9/3 | 1/0 | 0/1 ↑ | 220/274 ↑ |
| СТРУГА | 15/14 | 48/48 | 3/3 | 14/14 | 4/4 | 1/2 ↑ | 0/1 | 85/86 ↑ |
| ТЕТОВО | 4/4 | 166/133 | 12/12 | 5/5 | 2/0 | 9/1 | 1/2 ↑ | 199/157 ↓ |
| ШТИП | 5/14 ↑ | 68/49 | 25/19 | 57/26 | 4/3 | 0/0 | 0/0 | 159/111 ↓ |
| ВКУПНО | 389/347 ↓ | 2239/2081 ↓ | 257/232 ↓ | 1366/1421 ↑ | 92/71 ↓ | 87/98 ↑ | 15/18 ↑ | 4445/4268 ↓ |

3. ПТЗ Компаративен преглед на други услуги на проблематика брак и семејство реализирани во центри за социјална работа во РСМ во 2019/2020 година

| **ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА** | **ВИД НА УСЛУГА** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Согласност за издавање на патна исправа на дете | Согласност за патување на дете во странство | Постапување по Хашка конвенција за меѓународно грабнување на дете и за плаќање на издршка | Вкупно |
| | 2019/2020 | 2019/2020 | 2019/2020 | 2019/2020 |
| **БЕРОВО** | 0/2 | 0/0 | 0/0 | 0/2 |
| **БИТОЛА** | 31/15 | 24/0 | 0/0 | 55/15 |
| **ВАЛАНДОВО** | 0/0 | 0/0 | 0/0 | 0/0 |
| **ВЕЛЕС** | 35/18 | 2/3 | 0/0 | 37/21 |
| **ВИНИЦА** | 3/2 | 1/0 | 0/0 | 4/2 |
| **ГЕВГЕЛИЈА** | 2/5 | 13/5 | 0/0 | 15/10 |
| **ГОСТИВАР** | 79/55 | 3/2 | 0/0 | 82/57 |
| **ДЕБАР** | 15/11 | 10/4 | 0/1 | 25/16 |
| **ДЕЛЧЕВО** | 15/4 | 7/0 | 0/0 | 22/4 |
| **Д.ХИСАР** | 2/0 | 0/0 | 0/0 | 2/0 |
| **КАВАДАРЦИ** | 5/9 | 9/3 | 0/0 | 14/12 |
| **КИЧЕВО** | 56/21 | 13/2 | 0/0 | 69/23 |
| **КОЧАНИ** | 33/27 | 4/0 | 0/0 | 37/27 |
| **КРАТОВО** | 2/2 | 8/0 | 0/0 | 10/2 |
| **К.ПАЛАНКА** | 4/7 | 2/2 | 0/2 | 6/11 |
| **КРУШЕВО** | 3/0 | 0/1 | 0/0 | 3/1 |
| **КУМАНОВО** | 43/30 | 5/2 | 2/0 | 50/32 |
| **М.БРОД** | 1/2 | 0/0 | 0/0 | ½ |
| **НЕГОТИНО** | 7/2 | 8/1 | 0/0 | 15/3 |
| **ОХРИД** | 30/30 | 32/32 | 2/2 | 64/64 |
| **ПРИЛЕП** | 52/15 | 0/0 | 0/2 | 52/17 |
| **ПРОБИШТИП** | 7/5 | 13/6 | 0/0 | 20/11 |
| **РАДОВИШ** | 21/5 | 0/0 | 1/0 | 22/5 |
| **РЕСЕН** | 2/0 | 0/0 | 0/0 | 2/0 |
| **СВ.НИКОЛЕ** | 9/3 | 1/0 | 0/0 | 10/3 |
| **СКОПЈЕ** | 309/147 | 60/3 | 3/3 | 372/153 |
| **СТРУМИЦА** | 38/16 | 38/1 | 0/0 | 76/17 |
| **СТРУГА** | 48/15 | 23/19 | 0/0 | 71/34 |
| **ТЕТОВО** | 59/60 | 22/30 | 0/1 | 81/91 ↑ |
| **ШТИП** | 38/14 | 10/2 | 1/2 | 49/18 |
| **ВКУПНО** | **949/522 ↓** | **308/118 ↓** | **9/13 ↑** | **1266/653 ↓** |

4. **ПТ4** Преглед на корисници на проблемаитика брак и семејство кои користеле услуги на советувалиште за брак и семејство во центри за социјална работа во РСМ во 2020 година

| ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА | **Број на корисници во советувалиште во ЦСР** |
|---|---|
| БЕРОВО | 31 |
| БИТОЛА | 16 |
| ВАЛАНДОВО | 0 |
| ВЕЛЕС | 10 |
| ВИНИЦА | 5 |
| ГЕВГЕЛИЈА | 2 |
| ГОСТИВАР | 0 |
| ДЕБАР | 2 |
| ДЕЛЧЕВО | 0 |
| Д.ХИСАР | 0 |
| КАВАДАРЦИ | 13 |
| КИЧЕВО | 8 |
| КОЧАНИ | 5 |
| КРАТОВО | 0 |
| К.ПАЛАНКА | 0 |
| КРУШЕВО | 0 |
| КУМАНОВО | 1 |
| М.БРОД | 0 |
| НЕГОТИНО | 0 |
| ОХРИД | 23 |
| ПРИЛЕП | 0 |
| ПРОБИШТИП | 6 |
| РАДОВИШ | 0 |
| РЕСЕН | 0 |
| СВ.НИКОЛЕ | 14 |
| СКОПЈЕ | 200 |
| СТРУМИЦА | 0 |
| СТРУГА | 0 |
| ТЕТОВО | 12 |
| ШТИП | 0 |
| ВКУПНО | 348 |